Business Advisory

Фонд за иновации и технолошки развој
СКОПЈЕ
Примено: 04. 09. 2018
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 05 | 346/46 | / | / |

Архивски знак 0507
Рок на чување: 5 год.
04. 09 2018 година
Потпис,

# Фонд за иновации и технолошки развој

## Сметка на основен буџет - 603

Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2017 година
и

## Извештај на независните ревизори

A member of
mgiworldwide

## Содржина

Страна

ОДГОВОРНОСТ НА РАКОВОДСТВОТО 1

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ 2

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

- Биланс на состојба 4
- Извештај за изворите и користењето на средствата 5
- Белешки кон финансиските извештаи 6

# Одговорност на Раководството

Придружните финансиски извештаи на Сметката на основниот буџет – 603 во рамките на Фондот за иновации и технолошки развој, Скопје (во понатамошниот текст „Фондот“) составени од Биланс на состојба на 31 декември 2017 година и Биланс на приходи и расходи за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки, се одговорност на, и одобрени од страна на Раководството на Фондот.

Придружните финансиски извештаи се подготвени од страна на Раководството на Фондот,за целите на известување до Основачот на Фондот.

Раководството,врз основа на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи,има развиено и одржува структура за внатрешна контрола, која вклучува соодветна контролна средина, сметководствени системи и процедури за контрола.

Раководството верува дека внатрешните контроли овозможуваат сигурност во однос на финансиските податоци и претставуваат соодветна база за подготовка на финансиските извештаи и дека средствата се правилно евидентирани во книговодството и заштитени. Меѓутоа,постојат внатрешни ограничувања кои треба да се земат предвид при разгледувањето на сигурноста што ја обзбедува структурата на внатрешната контрола. Внатрешниот процес на контрола исто така го вклучува и информирањето на вработените од страна на Раководството за политиките кои обозможуваат етичко водење на деловното однесување.

А&БА Гроуп дооел Скопје, независните ревизори, беа ангажирани да извршат ревизија на овие финансиски извештаи во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Македонија[1]. Нивниот извештај е прикажан на страните 2 и 3.

-----------------------------------

**Јован Деспотовски**
Директор

[1] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР“) издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ“), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година

Audit & Business Advisory
Ул. Париска бр.50/1-8
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

До:
Управниот одбор и
Директорот на „Фондот за иновации и технолошки развој“

# Извештај на независните ревизори

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на Фондот за иновации и технолошки развој, Скопје за Сметката на основниот буџет – 603 (во понатамошниот текст Фондот), составени од Билансот на состојба на ден 31 декември 2017 година и Билансот на приходи и расходи и Извештајот за промените во изворите на деловните средства за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајни сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

## *Одговорност на Раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на буџетот и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

## *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Македонија[2]. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не и за целта на изразување на мислење на ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

[2] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР“) издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ“), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година

A member of mgiworldwide

Audit & Business Advisory
Ул .Париска бр.50/1-8
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

До:
Управниот одбор и
Директорот на „Фондот за иновации и технолошки развој"

## Извештај на независните ревизори (продолжува)

***Мислење***

Според наше мислење, финансиските извештаи во сите значајни аспекти даваат вистинита и објективна слика за финансиската состојба на 31 Декември 2017 година и приходите и расходите за годината која завршува на тој ден во согласнот со Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

***Извештај за други правни и регулативни барања***

Раководството е одговорно за изготвување на годишната сметка и годишниот извештај согласно барањата на член 22 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Согласно член 32(д) од Законот за ревизија наша одговорност е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај со годишната сметка и финансиските извештаи за истата деловна година.

Според наше мислење, годишниот извештај и годишната сметка за годината која завршува на 31 Декември 2017 година се конзистентни во сите материјални аспекти со финансиските информации обелоденети во ревидираните финансиски извештаи за истиот период.

***Останати прашања***

Финансиски извештаи на Фондот со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2016 година се ревидирани од страна на друг ревизор кој во својот извештај од 5 мај 2017 година изразил мислење без квалификација за тие финансиски извештаи.

А&БА Гроуп дооел, Скопје

Овластен ревизор

Дарко Калин

Друштво за ревизија и бизнис консалтинг А&БА ГРОУП ДООЕЛ Скопје

Управител

Дарко Калин

27 Април 2018

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**За годината која завршува на 31 декември 2017 и 2016**
**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

| | Белешка | 31 декември 2017 | 31 декември 2016 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Побарувања | 3 | 3 | - |
| Активни временски разграничувања | 4 | 932 | 1.198 |
| | | **935** | **1.198** |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Материјални средства | 5 | 33.344 | 33.298 |
| Нематеријални средства | 6 | 32 | - |
| | | **33.376** | **33.298** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **34.311** | **34.496** |
| **ОБВРСКИ И ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| **ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 7 | 472 | 576 |
| Обврски спрема вработени | 8 | 460 | 415 |
| Обврски спрема државата | 9 | - | 205 |
| Пасивни временски разграничувања | 10 | 3 | 2 |
| | | **935** | **1.198** |
| **ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Државен јавен капитал | 11 | 33.376 | 33.298 |
| | | **33.376** | **33.298** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА** | | **34.311** | **34.496** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

Овие финансиски извештаи се одобрени од Раководството на Фонд за иновации и технолошки развој и потпишани во негово име од:

**Лилјана Дуковиќ**
Одговорен сметководител

**Јован Деспотовски**
Директор

Фонд за иновации и технолошки развој СКОПЈЕ

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

**За годината која завршува на 31 декември 2017 и 2016**

**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

| | Белешка | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **ТЕКОВНИ ПРИХОДИ** | | | |
| Трансфери и донации | 12 | 13.045 | 13.092 |
| **ВКУПНО ТЕКОВНИ ПРИХОДИ** | | **13.045** | **13.092** |
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | | |
| Плата и надомест на плати | 13 | 5.154 | 4.451 |
| Оперативни расходи | 14 | 7.385 | 4.889 |
| Субвенции и трансфери | 15 | 72 | 3.021 |
| Капитални расходи | 16 | 433 | 731 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **13.045** | **13.092** |
| **Вишок на приходи - Добивка пред оданочување за годината** | | - | - |
| Данок на добивка | | - | - |
| **Вишок/(кусок) на приходи над расходи за годината** | | - | - |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ИЗВОРИТЕ НА ДЕЛОВНИТЕ СРЕДСТВА

**За годината која завршува на 31 декември 2017 и 31 декември 2016**

**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

| | Деловен фонд | Ревалор. Резерва | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 Јануари 2016 година** | **1.705** | **-** | **1.705** |
| Набавки на средства | 32.399 | - | 32.399 |
| Ревалоризација | - | - | - |
| Амортизација на средства | (806) | - | (806) |
| **Состојба на 31 декември 2016** | **33.298** | **-** | **33.298** |
| Набавка на средства | 824 | - | **824** |
| Амортизација на средства | (746) | - | **(746)** |
| **Состојба на 31 декември 2017** | **33.376** | **-** | **33.376** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2017**
**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

## 1. Општи информации

Фонд за иновации и технолошки развој (во понатамошниот текст: Фондот) е основан согласно Законот за иновациска дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 79/2013, 137/2013, 41/2014, 44/2015 2016, 53/2016 и 190/2016).

Фондот има својство на правно лице, основано на 04.12.2013 од Владата на Република Македонија, со матичен број 6920098 и приоритетна дејност Општи дејности на јавната управа.

Седиштето на Фондот е во Скопје, на Булевар Гоце Делчев бр. ББ Скопје, Центар.

Фондот има регистрирано една подружница со назив Фонд за иновации и технолошки развој Подружница Контакт канцеларија Скопје со седиште на ул. Димитрие Чуповски 8, Центар, Скопје.

Називот на Фондот во меѓународниот правен промет е "Fund for innovations and technology development".

Мисијата на Фондот е поттикнување и поддршка на иновациската дејност во микро, малите и средните претпријатија, за остварување забрзан технолошки развој, базиран на трансфер на знаење, на истражување за развој и на иновации што придонесуваат за создавање нови работни места и за економски раст и развој, истовремено подобрувајќи ја бизнис- околината за развој на конкурентските способности на компаниите.

Приоритетни цели се:

- Подобрен пристап до финансиска поддршка за иновации и за технолошки равој;
- Промовирање и поттикнување на иновациската дејност во Македонија.

Фондот врши работи поврзани со финансирање на подготовка, реализација и равој на програми, проекти и други активности од областана спроведувањето на иновациската политика, а особено:

- Професионални и други работи во врска со прибавување на средставата во Фондот, управување со тие средства и нивно користење,
- Посредување во врска со финансирањето на иновациската дејност од средства на меѓународни организации, финансиски институции и тела, како и домашни и странски правни и физички лица, особено во областите на науката и технологијата согласно со приоритетите утврдени во стратегијата за иноваии,
- Водење база на податоци за корисниците на средствата доделени од Фондот,
- Поттикнување и создавање соработка со меѓународни и домашни финансиски институции и други правни и физички лица, поради финансирање на иноацискаta дејност, во согласност со иновациската политика и други стратешки планови и програми, како и со ратификувани меѓународни договори за намени утврдени со овој закон;
- Основа Фонд за еквити и мезанин инвестиции,
- Избира друштво за управување со приватни фондови преку јавен повик, кој ќе управува со средствата на Фондот наменети за реализација за инструментите за еквити и мезанин инвестиции, и
- Врши следење и евалуација на проектите за кои има доделено средства, со цел за развој на претприемачкото општество во Република Македонија.

Согласно челн 29 од Законот за иновациска дејност, Органи на Фондот се Управниот одбор, Комитетот за одобрување на инветиции и директорот.

## 1. Општи информации

Членовите на Управниот одбор и Комитетот за одобрување на инвестиции ги именува и разрешува Владата.

Управниот одбор согласно Законот за иновациска дејност треба да има претседател и шест члена. Управниот одбор како орган на Фондот, до 16.02.2017 се состоеше од 5 члена (2016: 5 членови). По завршувањето на мандатот на еден од членовите, Управниот одбор продолжи со својата работа во состав до 4 члена се до 11.07.2017.

На 03.08.2017 Владата именува нови 5 членови на Управниот одбор со Решение за именување членови на Управен одбор на Фондот бр.24-4882/1. Управниот одбор на 31.12.2017 го сочинуваат 5 членови. Претседател на Управниот одбор на 31.12.2017 е Моника Јованова.

Комитетот за одобрување на инвестиции на 31.12.2017 го сочинуваат 5 членови (2016: 4 членови), кои се избрани и именувани од Владата на Република Македонија. Комитетот ги разгледува и ги одобрува предлог-проектите доставени до него за сите инструменти за поддршка на Фондот. Членовите на Комитетот се избираат од редот на експерти со најмалку десетгодишно меѓународно искуство во областа на инвестициите во иновациската дејност.

На 31.12.2017 в.д. Директор на Фондот е г-дин Јован Деспотовски.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Сметководствените политики се специфични принципи, основи, правила и практики усвоени од страна на Фондот при подготвувањето и презентирањето на финансиските извештаи.

Сметководствените политики претставуваат основа при вреднувањето, мерењето, презентирањето и објавувањето на ставките во финансиските извештаи на Фондот кои се применувани конзистентно во текот на деловната година, како и во претходната година.

Деловните промени се евидентираат во деловните книги согласно домашната законска регулатива. Сметководствената евиденција се води во рамките на Фондот.

### 2.1. Основи за подготовка

Фондот финансиските извештаи ги подготвува во согласност со законските прописи кои се применуваат во Република Македонија, а се однесуваат на работењето на буџетите и буџетските корисници и тоа Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници (Службен Весник на Република Македонија број 61/2002, 98/2002, 81/2005, 24/2011 и 145/2015) и Правилник за сметководство на буџети и буџетски корисници (Сл.весник на РМ бр. 28/03, 62/06, 8/09).

Финансиските извештаи се изготвени со примена на сметководствено начело на парично изразување, методот на набавна вредност и принципот на континуитет во работењето.

Во изготвувањето на финансиските извештаи Фондот ги применува сметководствените политики кои се обелоденети во белешка 3. Сметководствените политики конзистентно се применувани во текот на деловната година, како и во претходната година.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

### 2.1. Основи за подготовка (продожува)

Денарот претставува официјална валута на известување во Република Македонија. Износите содржани во финансиските извештаи на Фондот, како и во објаснувачките белешки кон финансиските извештаи се прикажани во македонски денари.

Финансиските извештаи на Фондот се изготвени на единечна основа, обезбедувајќи информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите, вишок на приходи над расходи презентирани во:

- Билансот на состојбата на ден 31.12.2017 година,
- Билансот на приходите и расходите во периодот од 01 јануари 2017 година до 31 декември 2017 година,
- Преглед на значајни сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Главни квалитативни карактеристики на информациите во финансиските извештаи се:

- разбирливост – да бидат лесно разбирливи за корисниците;
- веродостојност – верно да ги претставуваат трансакциите и
- споредливост на податоците од годишната сметка на Фондот од различни пресметковни периоди како и споредливост со финансиските извештаи на други буџетски корисници.

### 2.2. Признавање на приходи и расходи

Признавањето на приходите и расходите се врши со примена на методот на готовинска основа.

Според методот на готовинска основа приходите се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период.

Според методот на готовинска основа, расходите се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале доколку се платени во пресметковниот период. Расходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Во расходи спаѓаат и кредитите и позајмиците во периодот кога се враќаат. Во расходите не се вклучени поддарените или на друг начин претстапени материјални и нематереијални средства, отпишани или оштетени средства, кусоците на средствата кои паѓаат на товар на средствата на буџетот и буџетскиот корисник, отпишаните побарувања и другите вонредни расходи за кои не се искажани средствата во паричен износ, туку истите се искажуваат на товар или во полза на изворите на капиталните средства.

### 2.3. Капитални расходи

Капиталните расходи се признаваат кога набавените средства ја зголемуваат очекуваната идна економска корист од нематеријалните средства. Капиталните расходи се евидентираат кога се набавуваат фиксни средства или истите се доработуваат со што се додава вредност на веќе постоечките фиксни средства. Истите се евидентираат како средство во билансот и истовремено се евидентираат во деловниот фонд на Фондот.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

### 2.4. Пресметување на странски средства за плаќање и сметководствен третман на курсните разлики

Пресметката на сите побарувања и обврски во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност, се искажуваат по средниот курс важечки на денот на билансот на состојба.

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи, односно расходи од финансирање во годината на која се однесуваат.

### 2.5. Класификација на средствата и обврските

Средствата и обврските кои се очекува да бидат ефектуирани или подмирени за 12 месеци по датумот на билансот на состојба, се класифицираат како тековни. Средствата и обврските кои се очекува да бидат ефектуирани или подмирени во период подолг од 12 месеци по датумот на билансот на состојба се класифицираат како нетековни.

### 2.6. Недвижности, постројки и опрема

Едно средство се признава како опрема кога е сигурно дека субјектот го поседува истото и дека од него ќе остваруваат идни економски користи и кога трошоците за негово стекнување можат објективно да се измерат.

Набавната вредност на едно средство ја сочинуваат трошоците за негово стекнување, во кои влегуваат:

- Фактурна вредност на средството (намалена за евентуалните попусти и рабати)
- Царините и даноците при неговата набавка
- Трошоци за подготвување на местото
- Иницијални трошоци во врска со испорака и ракување
- Трошоци за монтажа
- Надомести на експерти поврзани со средството

Опремата тековно се вреднува според набавна, историска вредност, намалена за акумулирна амортизација. Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се искажуваат во рамките на административни и трошоци на продажба. Во случај на расходување или оттуѓување на средствата, нивната неамортизирана вредност се искажува во рамките на останати расходи. Вредноста на долгорочните материјални средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 100 евра во денарска противвредност се евидентира како ситен инвентар и се класифицира како расход кој што се отпишува еднократно независно од корисниот век на употреба.

Издатоците направени за време на употреба на материјални средства се евидентираат одделно и се капитализираат само доколку се веројатни идните економски користи што ќе претставуваат приливи на Фондот.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

### 2.6. Недвижности, постројки и опрема (продолжува)

Пропишаните годишни стапки на амортизација што се користат за одделни недвижности и опрема се:

| | |
|---|---|
| Нематеријални средства | 20% |
| Недвижности | 2,5 – 10 % |
| Опрема | 10 – 20 % |
| Транспортни средства | 15 % |

Материјалните средства се ревалоризираат периодично со примена на официјални коефициенти за ревалоризација пресметани врз база на податоците за пораст на цените на индустриските производи. Ефектот на ревалоризацијата на материјалните средства како и ефектот на ревалоризацијата на амортизацијата се книжи во корист на ревалоризациони резерви.

### 2.7. Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од парични средства: во благајна, на трезорски сметки и вредносни картички. Паричните средства во благајната и на трезорските сметките во домашна валута се прикажуваат во номинален износ, а во странска валута по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

### 2.8. Побарувања

Побарувањата се состојат од вработените, активни временски разграничувања и останати побарувања.

### 2.9. Обврски

Фондот ќе признае обврска во Билансот на состојба кога ќе прими средства или друга материјална корист врз основа на склучен договор. При почетното признавање, обврските се мерат по нивната објективна вредност, зголемена за трансакциските трошоци директно поврзани за нивното издавање. Објективната вредност е еднаква на средствата примени во замена за превземените обврски. Обврските кон добавувачи, се признаваат врз основа на реализација на склучените договори. Мерењето на обврските се врши според нивната номинална/договорна вредност утврдена во договорот.

Сите краткорочни обврски, кои нема да бидат презентирани во некоја друга позиција во рамките на активата на Билансот на состојба се искажуваат во позицијата останати краткорочни обврски. Оваа позиција ги вклучува обврските кон вработените, обврски за примени аванси, обврски кон државата за даноци и придонеси, обврски за однапред наплатени приходи и останати обврски.

### 2.10. Фондови и резерви

Фондовите претставуваат трајни извори на средства за работење на Фондот, кој ги опфаќа иницијалните, како и дополнително вложените и стекнати средства. Деловниот фонд на средствата ги опфаќаат изворите на капиталните средства и другите средства како и резервите на материјали, резервните делови, ситниот инвентар и хартиите од вредност.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2017**
**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

### 2.11. Ревалоризација

Ревалоризацијата се врши на долгорочните средства поради нивно повторно вреднување со примена на стапката на порастот на цените напроизводителите на индустриски производи, објавена од Државниот завод за статистика.

Основицата за ревалоризација е набавната вредност на средствата и нивната сметководствено искажана акумулирана амортизација. Резултатот се искажува во рамки на ревалоризационите резерви.

### 2.12. Настани по датумот на известување

Настаните по датумот на известување кои обезбедуваат дополнителни информации во врска со состојбата на ден на билансирање (настани за кои може да се врши корегирање) се рефлектирани во финансиските извештаи. Оние настани после датумот на известување кои немаат карактер на корективни настани се објавуваат во соодветна белешка доколку истите се материјално значајни.

## 3. ПОБАРУВАЊА

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Аванси кон вработени | 3 | - |
| **Вкупно** | **3** | **-** |

## 4. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Неисплатени обврски | 932 | 1.198 |
| **Вкупно** | **932** | **1.198** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2017**
**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

## 5. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| | Градежни објекти, | Опрема, канцелариски мебел, возила и останати средства | Инвестиции во тек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | |
| **Состојба на 01.01.2016** | | **1.605** | **490** | **2.095** |
| Набавки | 32.600 | 289 | (490) | 32.399 |
| **Состојба на 31.12.2016** | **32.600** | **1.894** | **-** | **34.494** |
| Набавки | - | - | - | - |
| Сметководствена корекција | - | 787 | - | 787 |
| **Состојба на 31.12.2017** | **32.600** | **2.681** | **-** | **35.281** |
| **Исправка на вредност** | | | | |
| **Состојба на 01.01.2016** | **-** | **341** | **49** | **390** |
| Амортизација за 2016 | 632 | 223 | (49) | 806 |
| **Состојба на 31.12.2016** | **632** | **564** | **-** | **1.196** |
| Амортизација за 2017 | 326 | 415 | - | |
| Ревалоризација на исправка | - | - | - | - |
| **Состојба на 31.12.2017** | **958** | **979** | **-** | **1.937** |
| ***Сметководствена вредност*** | | | | |
| **Состојба на 31.12.2016** | **31.968** | **1.330** | **-** | **33.298** |
| **Состојба на 31.12.2017** | **31.642** | **1.702** | **-** | **33.344** |

Согласно одлуките за трајно користење на недвижна ствар сопственост на Република Македонија, без недомест, објавени во Службен весник, Фондот заклучно со 31.12.2017 има евидентирано две недвижности лоцирани на:

- Бул.Гоце Делчев бр.8 запишана во ИЛ 9157, КО Центар 1
- Ул.Димитрие Чуповски бр.8 со ИЛ 44989, КО Центар 1

*Залог*

Фондот нема залог врз недвижностите, постројките и опремата. Сите средства се користат за извршување на деловните активности на Фондот.

## 6. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Во текот на 2017 година, набавена е лиценца во износ од 37 илјади денари. Амортизацијата за годината изнесува 5 илјади денари (сметководствена вредност 32 илјади денари).

## 7. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИТЕ

| | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачите во земјата | 472 | 576 |
| **Вкупно** | **472** | **576** |

## 8. ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИ

| | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| Нето плати | 309 | 279 |
| Придонеси и даноци од плати | 151 | 136 |
| **Вкупно** | **460** | **415** |

## 9. ОБВРСКИ СПРЕМА ДРЖАВАТА

| | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| Обврска за исплата на персонален данок | - | 205 |
| **Вкупно** | **-** | **205** |

## 10. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

| | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| Аванси кон вработени | 3 | 2 |
| **Вкупно** | **3** | **2** |

## 11. ДРЖАВЕН ЈАВЕН КАПИТАЛ

| | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| Деловен фонд | 33.376 | 33.298 |
| **Вкупно** | **33.376** | **33.298** |

## 12. ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ

Согласно член 26 од Законот за иновациска дејност (Службен весник на Република Македонија бр.79/2013, 137/2013, 41/2014, 44/2015 2016, 53/2016 и 190/2016), приходите на Фондот се остваруваат од:

- Средства од Буџетот на РМ
- Средства од програмата за рурален развој во износ од 1% од вкупните средства на програмата
- Други средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој над износот утврден во алинејата 2, во висина на средства утврдени во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, за иновации, истражување и развој, трансфер на технологии, технолошка екстензија, деловно-технолошки акцелератоти од областа на земјоделството, шумарството, водостопанство и рурален развој,
- Донации, прилози, подароци и помош
- Приходи од комерцијализација на иновациите(ројалити)
- Средства стекнати по основ на продажба на удели кои фондот за еквити и мезанин инвестиции и/или приватниот фонд ги поседува во трговски друштва и други компании, а стекнати со вложување во развој на иновации, преку инструментот еквити и мезанин инвестивии
- Приходи оствари по основ на меѓународна билатерална и мултилатерална соработка на програми, проекти и други активности во областа на иновациската дејност
- Приходи од управување со слободните парични средства на Фондот
- Други извори во согласност со законот

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Трансфери од други нивоа на власт | 13.045 | 13.092 |
| **Вкупно** | **13.045** | **13.092** |

## 13. ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Нето плати | 3.467 | 2.996 |
| Придонеси и даноци од плата | 1.687 | 1.455 |
| **Вкупно** | **5.154** | **4.451** |

На 31 декември 2017 година Фондот има 9 вработени.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2017**
**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

## 14. ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

| | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| Патни и дневни расходи | 935 | 753 |
| Комунални услуги, греење, комуникација, транспорт | 594 | 504 |
| Материјали и ситен инвентар | 298 | 225 |
| Поправки и тековно одржување | 348 | 164 |
| Договорни услуги | 4.311 | 2.650 |
| Други тековни расходи | 899 | 593 |
| **Вкупно** | **7.385** | **4.889** |

## 15. СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ

| | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| Субвенции и трансфери | 72 | 3.021 |
| **Вкупно** | **72** | **3.021** |

## 16. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

| | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| Опрема и мебел | 31 | 169 |
| Други градежни објекти | 402 | 562 |
| **Вкупно** | **433** | **731** |

## 17. ВОНБИЛАНСНА ИЗЛОЖЕНОСТ И НЕИЗВЕСНИ ОБВРСКИ

Со состојба на 31 Декември 2017 година Фондот нема вонбилансна изложеност и нема неизвесни побарувања како и обврски кои би произлегле од судски спорови.

## 18. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

По 31 декември 2017 година – датумот на известувањето, до денот на одобрувањето на овие финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција на финансиски извештаи, ниту пак настани кои се материјално значајни за објавување во овие финансиски извештаи.

# Прилози

# Прилог 1 - Годишна сметка со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2017

Период Контролор

| 0 | 6 | 9 | 2 | 0 | 0 | 9 | 8 | 0 | 4 | 0 | 0 | 1 | 6 | 2 | 0 | 1 | 4 | 6 | 0 | 3 | 1 | 2 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26

Вид. раб. Идентификационен број Резервни кодекси

05-335/3
28. 02. 18

Назив на субјектотФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ
Адреса, седиште и телефонБУЛ.ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ББ СКОПЈЕ 070 – 279 - 549
Единствен даночен број4080013541068 на ден 31.12.2017година
Назив на корисникот

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА - 603

(во денари)

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година Бруто | Исправка на вредност | Нето (6-7) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | А) АКТИВА: ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (112+113+114+122+123) | 111 | 33.298.071 | 35.318.138 | 1.942.464 | 33.375.674 |
| 1. | 00 | I. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 112 | | | | |
| 2. | 010,011,012 и 015 | II. МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА И ПРИРОДНИ БОГАТСТВА (од 115 до 121 | 113 | | | | |
| | | III. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (115 ДО 121) | 114 | 33.298.071 | 35.318.138 | 1.942.464 | 33.375.674 |
| 3. | 020 и 029д | Градежниобјекти | 115 | 31.968.449 | 32.600.289 | 957.843 | 31.642.446 |
| 4. | 021 и 029д | Станови и деловниобјекти | 116 | | | | |

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | И з но с | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна Година | Тековна година | | |
| | | | | | Бруто | Исправка на вредност | Нето (6-7) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 5. | 022 и 029 | Опрема | 117 | 1.329.622 | 2.717.849 | 984.621 | 1.733.228 |
| 6. | 023 и 029д | Повеќегодишнинасади | 118 | | | | |
| 7. | 024 и 029д | Основностадо | 119 | | | | |
| 8. | 025 и 029 | Другиматеријалнисредства | 120 | | | | |
| 9. | 026 и 029д | Авансизаматеријалнисредств | 121 | | | | |
| 10. | 030 | III -1. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА ВО ПОДГОТОВКА | 122 | | | | |
| 11. | 04 | IV.ДОЛГОРОЧНИ КРЕДИТИ И ПОЗАЈМИЦИ ДАДЕНИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО И ОРОЧЕНИ СРЕДСТВА | 123 | | | | |
| | | Б) ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА (125+134+135+140+141+142+143+144+145+146) | 124 | 1.198.388 | 935.397 | | 935.397 |
| | | I. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (126 до 133) | 125 | | | | |
| 12. | 100 | Сметка | 126 | | | | |
| 13. | 101 | Благајна | 127 | | | | |
| 14. | 102 | Издвоенипаричнисредства | 128 | | | | |
| 15. | 103 | Отворениакредитиви | 129 | | | | |
| 16. | 104 | Девизнасметка | 130 | | | | |
| 17. | 105 | Девизниакредитиви | 131 | | | | |
| 18. | 106 | Девизнаблагајна | 132 | | | | |

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | И з но с | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година | | |
| | | | | | Бруто | Исправка на вредност | Нето (6-7) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 19. | 108 | Другипаричнисредства | 133 | | | | |
| 20. | 11 | II. ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | 134 | | | | |
| | | III. ПОБАРУВАЊА (136 до 139) | 135 | | | | |
| 21. | 120 | Побарувањаодбуџетот | 136 | | | | |
| 22. | 121 | Побарувањаодфондот | 137 | | | | |
| 23. | 122 и 129д | Побарувањаодкупувачивоземјата | 138 | | | | |
| 24. | 123 и 129д | Побарувањаодкупувачивостранство | 139 | | | | |
| 25. | 13 | IV. ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ | 140 | | 3.417 | | 3.417 |
| 26. | 14 | V. КРАТКОРОЧНИ ФИНАСИСКИ ПОБАРУВАЊА | 141 | | | | |
| 27. | 15 | VI. ПОБАРУВАЊА ОД ВРАБОТЕНИТЕ | 142 | | | | |
| 28. | 16 | VII. ФИНАСИСКИ ПРЕСМЕТКОВНИ ОДНОСИ | 143 | | | | |
| 29. | 17 | VIII. ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВАТА И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ | 144 | | | | |
| 30. | 190 до 197 | IX. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 145 | | | | |
| 31. | 198 | Другиактивнивременскиразгарничувања | 146 | 1.198.388 | 931.980 | | 931.980 |
| | | В) МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР (148 до 153) | 147 | | | | |
| 32. | 31 | Материјали | 148 | | | | |

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | И з но с | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година | | |
| | | | | | Бруто | Исправка на вредност | Нето (6-7) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 33. | 32 | Резервниделови | 149 | | | | |
| 34. | 36 | Ситенинвентар | 150 | | | | |
| 35. | 60 | Производство | 151 | | | | |
| 36. | 63 | Готовипроизводи | 152 | | | | |
| 37. | 65,66 и 67 | Стоки, аванси, депозити и кауции | 153 | | | | |
| | | Г) НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ И ДРУГИ ДОЛГОРОЧНИ КРЕДИТИ И ЗАЕМИ(155 до 157) | 154 | | | | |
| 38. | 090 | Непокриенирасходиодпоранешнигодини | 155 | | | | |
| 39 | 092 | Непокриенирасходи | 156 | | | | |
| 40. | 095 | Применидолгорочникредити и заеми | 157 | | | | |
| 41. | 08 | III. ДРУГИ СРЕДСТВА | 158 | | | | |
| | | ВКУПНА АКТИВА (111+124+147+154+158) | 159 | 34.496.459 | 36.253.535 | 1.942.464 | 34.311.071 |
| 42. | 990 до 994 | ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА-АКТИВА | 160 | | | | |

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година(почетна состојба) (тековна година) | Износ на денот на билансирање |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | I. ПАСИВА: ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА (162+163) | 161 | 33.298.071 | 33.375.674 |
| 43. | 900 | Државен -јавенкапитал | 162 | 33.298.071 | 33.375.674 |
| 44. | 901 | Останаткапитал(залихинаматеријали, резервниделови, ситенинвентар и хартииодвредност | 163 | | |
| 45. | 91 | II Ревалоризационарезерва | 164 | | |
| | | III. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ (166 до 172) | 165 | | |
| 46. | 920 | Обврскиподолгорочникредити | 166 | | |
| 47. | 922 | Вложувањаодстранскилица | 167 | | |
| 48. | 923 | Кредитиодбанкивоземјата | 168 | | |
| 49. | 924 | Другикредитивоземјата | 169 | | |
| 50. | 925 | Кредитиодстранство | 170 | | |
| 51. | 927 | Долгорочниобврскизаприменидепозити и кауции | 171 | | |
| 52. | 928 | Другидолгорочниобврски | 172 | | |
| | | IV. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ (174+175+180+181+189+195+196+197+198) | 173 | 1.198.388 | 935.397 |
| 53. | 21 | а) Краткорочниобврскипоосновнахартииодвредност | 174 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | И з но с | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година(почетна состојба) (тековна година) | Износ на денот на билансирање |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | б) Краткорочниобрскиспремадобавувачи (176 до 179) | 175 | 525.980 | 472.360 |
| 54. | 220 | Обврскиспремадобавувачивоземјата | 176 | 525.980 | 472.360 |
| 55. | 221 | Обврскиспремадобавувачивостранство | 177 | | |
| 56. | 224 | Обврскиспремадобавувачизанефактурираниcтоки , материјали и услуги | 178 | | |
| 57. | 225 | Обврскиспремадобавувачи - граѓани | 179 | | |
| 58. | 23 | в) Примениаванси, депозити и кауции | 180 | | |
| | | г) Краткорочнифинасискиобврски (182 до 188) | 181 | 50.000 | |
| 59. | 240 | Обврскиодзаедничкоработењесосубјектите | 182 | | |
| 60. | 241 | Обврскизакредитивоземјата | 183 | | |
| 61. | 242 | Обврскизакредитивостранство | 184 | | |
| 62. | 243 | Обврскизавложенисредствавоземјата | 185 | | |
| 63. | 245 | Другикраткорочнифинасискиобврски | 186 | | |
| 64. | 246 | Обврскиспремаработниците | 187 | 50.000 | |
| 65. | 247 | Обврскипозапирањенаработниците | 188 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | И з но с | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година(почетна состојба) (тековна година) | Износ на денот на билансирање |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | д) Обврскиспремадржавата и другиинституциииза (190 до 194) | 189 | 204.621 | |
| 66. | 250 | Обврскизаданокнадодаденавредност | 190 | | |
| | 251 | Обврскизаакцизи | 191 | | |
| 67. | 252 | Обврскизацарини и царинскидавачки | 192 | | |
| 68. | 253 | Обврскизаданоци и придонесиподоговорзаделo и авторскодело | 193 | 204.621 | |
| 69. | 255 | Обврскизадругиданоци и придонеси | 194 | | |
| 70. | 26 | ѓ) Финасиски и пресметковниодноси | 195 | | |
| 71 | 27 | е) Обврскизаданоци и придонесиоддобивка | 196 | | |
| 72. | 28 | ж) Краткорочниобврскизаплати и другиобврскиспремавработените | 197 | 415.536 | 459.620 |
| 73. | 29 | з) Пасивнивременскиразграничувања | 198 | 2.251 | 3417 |
| 74. | 98 | IV. ИЗВОРИ НА ДРУГИ СРЕДСТВА Изворинадругисредства | 199 | | |
| | | ВКУПНА ПАСИВА (161+164+165+173+199) | 200 | 34.496.459 | 34.311.071 |
| 75. | 955 до 999 | ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - ПАСИВА | 201 | | |

Во СКОПЈЕ

Лице одговорно засоставување набилансотМ.П.

Раководител

Наден27.02.2018

Период | Контролор

| 1 2 3 | 0 6 9 2 0 0 9 8 | 0 4 0 0 1 | 6 2 0 1 4 6 0 3 1 2 |
|---|---|---|---|
| Вид. раб. | Идентификационен број | | Резервни кодекси |

Назив на субјектотФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ
Адреса, седиште и телефонБУЛ.ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ББ СКОПЈЕ 070 – 279 - 549
Единствен даночен број4080013541068

(корисници на средства од Буџетот)

ПРИХОДИ И РАСХОДИ - 603

во текот на годината - Биланс на приходите и расходите

од 1 јануари до 31. 12. 2017 година

(во денари)

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | Износ Претходна година | Износ Тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **РАСХОДИ:** **I.ТЕКОВНИ РАСХОДИ** (002+007+012+020+024+029+033+039) | 001 | 12.361.217 | 12.611.739 |
| | | а) ПЛАТИИ НАДОМЕСТОЦИ (од 003 до 006) | 002 | 4.451.168 | 5.154.420 |
| 1. | 401 | Плати и надоместоци | 003 | 3.249.352 | 3.762.724 |
| 2. | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 004 | 1.201.816 | 1.391.696 |
| 3. | 403 | Останати придонеси од плати | 005 | | |
| 4. | 404 | Надоместоци | 006 | | |
| | | б) РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ (од 008 до 011) | 007 | | |
| 5. | 411 | Финансирање на нови програми и потпрограми | 008 | | |
| 6. | 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 009 | | |
| 7. | 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 010 | | |
| 8. | 414 | Резерви за капитални расходи | 011 | | |
| | | в) СТОКИ И УСЛУГИ (од 013 до 019) | 012 | 4.888.595 | 7.385.371 |
| 9. | 420 | Патни и дневни расходи | 013 | 753.104 | 935.326 |
| 10. | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 014 | 502.817 | 592.908 |

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 11. | 423 | Материјали и ситен инвентар | 015 | 225.317 | 298.559 |
| 12. | 424 | Поправки и тековно одржување | 016 | 164.181 | 348.458 |
| 13. | 425 | Договорни услуги | 017 | 2.649.720 | 4.311.081 |
| 14. | 426 | Други тековни расходи | 018 | 593.456 | 899.039 |
| 15. | 427 | Привремени вработувања | 019 | | |
| | | г) ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ВОНБУЏЕТСКИ ФОНДОВИ ( од 021 до 023) | 020 | | |
| 16. | 431 | Трансфери до Фондот за ПИОМ | 021 | | |
| 17. | 432 | Трансфери до Агенцијата за вработување | 022 | | |
| 18. | 433 | Трансфери до Фондот за здравствено осигурување | 023 | | |
| | | д)ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ЕЛС (од 025 до 028) | 024 | | |
| 19. | 441 | Дотации од ДДВ | 025 | | |
| 20. | 442 | Наменски дотации | 026 | | |
| 21. | 443 | Блок дотации | 027 | | |
| 22. | 444 | Дотации за делегирани одделнинадлежности | 028 | | |
| | | ѓ)КАМАТНИ ПЛАЌАЊА (од 030 до 032) | 029 | | |
| 23. | 451 | Каматни плаќања кон нерезидентни кредитори | 030 | | |
| 24. | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 031 | | |
| 25. | 453 | Каматни плаќања кон други нивоа на власт | 032 | | |
| | | е)СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ (од 034 до 038) | 033 | 3.021.454 | 71.948 |
| 26. | 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 034 | | |
| 27. | 462 | Субвенции за приватни претпријатија | 035 | | |
| 28. | 463 | Трансфери до невладини организации | 036 | | |
| 29. | 464 | Разни трансфери | 037 | 3.021.454 | 71.948 |
| 30. | 465 | Исплати по извршни исправи | 038 | | |
| | | ж)СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ (од 040 до 043) | 039 | | |
| 31. | 471 | Социјални надоместоци | 040 | | |
| 32. | 472 | Плаќања на бенефиции од Фондот за ПИОМ | 041 | | |
| 33. | 473 | Плаќање на надоместоци од Агенцијата за вработување | 042 | | |
Фондот соработува и со другите институции кои обезбедуваат поддршка на секторот за мали и средни претпријатија и во секторот на иновации, истражување и развој преку организација на информативни настани, учество на конференции и други активности. Во 2017 година Фондот ја одржуваше соработката и со организациите на претприемачи, како што се Сојуз на стопански комори на Македонија, Стопанска комора на Македонија, Стопанска

комора на Северозападна Македонија, кластерите, регионалните бизнис центри, како и со државни и приватни универзитети и други организации. Исто така, ФИТР одржуваше разни настани, состаноци, соработки и со целната група (претставници на стопанските комори, асоцијации , деловни здруженија), меѓународни организации, како и со лица и организации кои обезбедуваат поддршка на старт-ап компаниите.

### 6.2. Соработка со меѓународни партнери

Фондот воспостави и разви соработка и со меѓународни институции, како што се: Светска банка, Европска комисија, УСАИД, УНДП, УНИЦЕФ и други за мобилизација на финансиски средства за постигнување на дефинираните цели.

Фондот ја одржуваше соработката со Светска банка во насока на градење и зголемување на капацтетите на Фондот, во делот на мониторинг на финансираните проекти, како и во делот на спроведување на стратегија за маркетинг и комуникации.

Беше иницирана соработка со Британска амбасада во насока на изработка на студија за воведување на концептот за воведување и реализација на новини во делот на јавните набавки (**Јавни набавки за иновации) во Република Македонија, со воведување на задолжителен % што ќе се намени за иновативни производи и услуги,** изработка на проект за зголемување на транспарентноста на институциите, како и соработка во областите кои опфаќаат развој на приватниот сектор (потреба од иновативни решенија во приватниот сектор), образовни ресурси и отворени податоци (користење и комерцијализација на јавни податоци). Соработката се очекува да биде реализирана во 2018 година.

Фондот, исто така, иницираше соработка и со Шведската агенција за меѓународна развојна соработка во делот на градење на капацитет и зголемување на свеста за иновациите и технолошкиот развој.

## 7. Односи со јавноста

Во 2017 година Фондот континуирано организираше информативни настани, средби и конференции кои имаа за цел да придонесат кон подобро реализирање на програмата на Фондот за иновации и технолошки развој односно подигање на свеста за значењето на иновациите кај бизнисот, зголемување на интересот за инструментите за поддршка на Фондот и подобрување на квалитетот на предлог проектите кои се доставуваат на отворените повици.

Во рамки на Европската недела за старт-апи, ФИТР како коорганизатор организираше 2 настани и една конференција. Првиот настан беше „Отворен ден“ како неформален настан на кој беа споделувани информации за четвртиот јавен повик и други прашања поврзани со работата на ФИТР, а на кој присуствуваа околу 50 заинтересирани учесници. Во рамки на истата недела за старт-апи, ФИТР организираше „Ден на основачите“, настан на кој како говорници настапија 3 стартап корисници (Gordian Technology, Clicon, Vapour Apps) кои ги споделија своите искуства од работата со Фондот. На настанот присуствуваа 40 учесници.

Беше организирана и Завршната конференција на која како говорник учествуваше претставник на ФИТР и претставник на претпријатието Мобидониа (корисник на ФИТР), а со цел промоција на објавениот повик и работата на Фондот.

Во текот на 2017 година се одржа и инфо сесија со претседателот на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој, Волфганг Книесјки. На настанот присуствуваа потенцијални корисници на ФИТР. Целта беше доближување на работата на Комитетот за одобрување на инвестиции до потенцијалните апликанти на повиците на ФИТР и пренесување на досегашното искуство на претседателот од слични грант шеми за доделување на средства.

Во 2017 година Фондот беше институционален поддржувач и главен партнер и ко-организатор на петтиот Codefest настан во Охрид кој се одржа од 7-9 Април. Кодфест е меѓународен технолошки фестивал кој се состоеше од: Codeference, Codefest маратон и CFX – Бизнис Експо. Codeference е собир на некои од најпаметните, најуспешните и најинспиративните поединци, компании и образовни институции од Македонија и Европа. Codefest маратон е 32-часовен маратон на кодирање и забава, каде што учесниците имаат можност да работат со некои од најдобрите регионални и глобални ментори. Во рамки на петтиот Codefest, се одржа инфо сесија за отворениот повик на ФИТР заедно со Центарот за развој на Југо-западен плански регион, како и практична работилница спроведувана од оперативниот советник, Питер Моѓуроши. На работилницата учествуваа 11 компании кои веќе имаат изработено нацрт проект за четвртиот отворен повик на ФИТР.

По објавувањето на четвртиот повик беа одржани 12 инфо сесии од кои 4 во Скопје и во повеќе градови во Македонија. Целта на инфо сесиите беше запознавање на учесниците со условите и правилата за поднесување апликации и формулирање на квалитетни предлог проекти за да им се помогне на сите заинтересирани да ја искористат можноста со помош на финансиската поддршка од Фондот да ги развијат своите иновативни идеи во успешни бизниси како и подигање на свеста за претприемништвото и иновациите, политиките за иновации итн. На овие настани присуствуваа над 200 учесници, а исто така на секој настан имаше присутни и од академскиот сектор.

На 27 септември директорот на Фондот за иновации и технолошки развој, Јован Деспотовски зема учество на дводневната конференција на МАСИТ. – Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии, на панел дискусијата на тема: „Како компаниите, образованието и државата да соработуваат со цел да ја поддржат иновативноста во македонските ИКТ компании?“. Директорот на овој настан го најави инвестирањето во Технолошки парк во Скопје, проект кој ќе се реализира во партнерство со Министерството за информатичко општество и администрација. Во него ќе има и ИКТ акцелератор за нови ИКТ компании и бизнис инкубатор.

Исто така во 2017 година ФИТР беше институционален покровител на настанот „Social Innovators Conference“ кој се одржи на 2 октомври 2017 година. На самиот настан учество земаа различни говорници од Македонија, регионот и светот, кои ќе ги презентираат своите лични социјални бизниси. Дополнително, во рамки на настанот се одржа и панел дискусија,

саем на македонските социјални бизниси и иницијативи, како и катче за социјални медиуми. На конференцијата беа прогласени и победниците на Наградата за социјално претприемништво - Social Impact Award 2017.

Во рамките на „Технома 2017" на 26 октомври се одржа трибина на тема: „Комерцијалните аспекти на иновацијата и финансиските можности за поддршка на истата – Искуства во Македонија и идни стратегии за развој на иновативните бизнис концепти?", на која учествуваше директорот на Фондот за иновации и технолошки развој Јован Деспотовски. На трибината, директорот ги презентираше промените кон кои се стреми Фондот во следниот период, и тоа понуда на техничка и практична поддршка со цел успешна реализација на процесот од идеја па се до реализација, како и проширување на пазарот за пласман на средства со кои располага Фондот.

Во текот на 2017 ФИТР се јави и како покровител во одржувањето на конференцијата за дигитален маркетинг „All WEB MK" која се одржа на 17 ноември во просторот на Драмскиот театар, а како еден од говорниците во нејзината програма беше и директорот на Фондот Јован Деспотовски, кој воедно е и прв владин функционер што активно учествувал на овој настан. При своето излагање на оваа конференција директорот истакна дека Фондот стратешки работи на развивање на иновативноста и креативноста кај најмладите и дека Фондот, и покрај тоа што е владина институција функционира на нетипичен начин, преку директни контакти со заинтересираните компании и пошироката јавност.

Истиот ден, на 17 ноември во хотелот Александар Палас се одржа и 12-тата „Европска недела на претприемништво" во чии рамки имаше и панел дискусија на тема „Локална самоуправа како предуслов за развој". Како еден од говорниците на панелот директорот на Фондот, Јован Деспотовски истакна дека Владата на Република Македонија се очекува да донесе одлука со која значително ќе се зголемат финансиските капацитети за поддршка на компаните во земјава и во 2018 година се очекува за иноваци кај стартапите и МСП да има на располагање меѓу 15-20 милиони евра.

Соработкана на УНИЦЕФ и Фондот за иновации и технолошки развој започна од конференцијата „Квалитетно образование за раст, резултати и подобра иднина", организирана од УНИЦЕФ МК, а поддржана од SmartUp – Social Innovation Lab која што се одржа од 4 до 6 декември 2017 година во хотелот Александар Палас. На панел дискусијата *„Како да ги прошириме успешните иницијативи и иновации за да имаат ефект врз секое дете во секоја училница во земјата?"* одржана на третиот ден од конференцијата на која како еден од говорниците учествуваше и директорот на Фондот, Јован Деспотовски. Во своето излагање тој истакна дека треба да се поттикнува креативното и критичко размислување кај децата и дека не може да бараме иновативност во образованието без да имаме образование за иновација.

Непосредно пред подготовката на Јавниот повик за финансирање на проекти за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини во Република Македонија – 02 Предизвик беше организирана Работилница која се одржа на 12.10.2017 година во „Јавна соба" во Скопје. На работилницата присуствуваа претставници од Фондот, од чија страна

беше презентирана идејата и очекувањата кои Фондот ги имаше од тогаш потенцијалниот Јавен повик, креативни поединци, невладини организации и други деловни субјекти. Последователно на тоа, на 03.11.2017 година, беше одржана прес конференција на која Директорот на Фондот за иновации и технолошки развој Јован Деспотовски го презентираше Јавниот повик за финансирање на проекти за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини во Република Македонија – 02 Предизвик. На пресот учествуваше и директорот на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) г-ѓа Лујза Витон. Прес конференцијата имаше голема медиумска покриеност. Во рамките на 02 Предизвикот се одржаа три инфо сесси во три градови во Република Македонија – Тетово, Штип и Битола. Пред затварањето на овој повик, од страна на претставник на УНДП и претставници на Фондот, на потенцијалните апликанти им беа одржани обуки за начинот на пополнување на апликацијата и предлог-буџетот.

Исто така, на 30.11.2017 година се одржа прес – конференција во просториите на СУГС Гимназија „Раде Јовчевски - Корчагин“ Скопје на која беше презентиран Јавниот повик за финансирање на истражувачки проекти во основните и средните училишта – Предизвик за млади истражувачи. Прес-конференцијата ја одржаа директорот на Фондот за иновации и технолошки развој и проф. д-р Рената Дескоска - Министер за образование и наука. На пресот учествуваа медиуми и директори, професори и ученици од повеќе основни и средни училишта. Во рамките на Предизвикот за млади истражувачи беа одржани две инфо-сесии, во Прилеп и Штип.

На крајот од годината, на 17 декември интернет страницата на Фондот за иновации и технолошки развој освои второ место на манифестацијата „Сајт на годината 2017“ во категоријата „Владини/Државни институции“.

Во текот на 2017 година, Фондот спроведе и други промотивни активности како:

- Постојано обновување на содржините на веб страната на Фондот,
- Newsletter до мејлинг листата на Фондот,
- покани и прес соопштенија до медиуми за секој настан,
- гостувања во ТВ емисии, дневник, радио програми,
- администрирање на Фејсбук страна на Фондот која опфаќа информации за новостите и настаните кои се организираат од Фондот, покани за идните настани со објавен текст и фотографии,
- индивидуални состаноци со заинтересирани страни.

Како **информативен промотивен материјал** беа испечатени брошури, програми, банери, папки, тефтери за потребите на инфо настаните.

На ниво на програми посебно внимание се посвети на **односите со медиумите.** Фондот ги вклучи медиумите на сите настани кои ги организираше (со прес соопштенија, медиумите беа известувани за инструментите за поддршка, за организираните активности и прес конференции или брифинзи). На веб страната на Фондот се продолжи со

континуираното информирање за сите настани организирани од страна на Фондот или настани во кои тој е вклучен, како и информации за одделните инструменти за поддршка и актуелни повици.

## 8. ПРИСТАП ЗА МОБИЛИЗАЦИЈА НА РЕСУРСИ

Со цел зголемување на приходите од други извори на финансирање и преземање на комплементарни активности за јакнење на иновацискиот екосистем, Фондот за иновации и технолошки развој ги следеше тековните отворени повици за финансирање на проекти од областа на промоција и поттикнување на претприемништвото и иновациите.

Фондот заедно со Национален центар за иновации и претприемничко учење и Еуропартнерс Девелопмент како партнери од Албанија учествуваа со предлог проект *„Иновациски екосистем во прекугранична област (CBC INNOV8)"* како дел од ИПА 2 програмата за прекугранична соработка меѓу Македонија и Албанија и проектот е избран за финансирање. Целта на овој проект е да се зајакнат локалните капацитети во југозападна Македонија за обезбедување на поддршка за старт-ап претпријатија, преку соработка со Националаната агенција за иновации од Албанија и локалните универзитети.

Во насока на јакнење на капацитетите на Фондот, Фондот заедно со МОН поднесоа апликација за проектот Канвас за иновации: Чекор напред за зајакнување на националниот екосистем за иновации". Истиот беше одобрен за финансирање од страна на Делегација на Европска Унија во Скопје и во декември месец направена е селекција на консултантска компанија која ќе го спроведува проектот. Главна активност на консултантите ќе им биде мапирање на националниот екосистем за иновации и изработка на две физибилити студии: Студија за изводливост за дизајнирање и имплементација на инструменти за иновации и Студија за изводливост за проектирање на техничка помош за подобрување на истражувањето, развојот и иновациите во приватниот сектор. Студиите за изводливост ќе ги дефинираат стратешките точки и ќе ги идентификуваат конкретните чекори за воспоставување на елементите што недостасуваат во иновацискиот екосистем. Двете студии ќе бидат финансирани во рамките на European Union Integration Facility (EUIF), достапна во рамките на ИПА II 2014-2020. На почетокот од 2018 година се очекува да започне реализацијата на овој проект.

Од страна на Европската Комисија обезбедена е поддршка за изработка на студија на изводливост за подготовка и отворање на Научно – технолошки парк како субјект за давање на инфраструктурална поддршка на иновациската дејност кој во рамките на просторот со кој располага, овозможува инфраструктурни и стручни услуги на субјектите на иновациската дејност, со цел за нивно поврзување, создавање и што побрза примена на нови технологии, создавања и пласман на нови производи, процеси и услуги на пазарот. Во рамки на подготовките ќе се реализира и проценка на потенцијалот за истражување и развој на универзитетите на Република Македонија (стручен кадар и опрема), која би се подготвувала во соработка со Министерството за образование и наука. Во прв квартал на 2018 планирано е да се презентира концептот за работа на научно – технолошкиот парк пред сите потенцијални партнери (stakeholders).

Фондот во 2017 година одржа состаноци со претставници на Светска банка, Европска делегација во Македонија, УСАИД, Свис контакт, ГТЗ, Кримсон капитал, УНДП, ЕБРД, Неста и други со цел разгледување на можности за заеднички активности, проекти, но и мобилизација на дополнителни финансиски средства за постигнување на дефинираните цели.

# 9. ОРГАНИЗАЦИЈА

## 9.1. Организациска структура

Организациска структура во Фондот за иновации и технолошки развој:

- Директор
- Сектор за програмски активности
  - Одделение за подготовка на програми
  - Одделение за спроведување на програми
- Сектор за општи и правни работи и финансии
  - Одделение за правни работи, јавни набавки и архива
  - Одделение за финансии и сметководство

Во моментот во Фондот има вкупно 4 вработени на неопределено време, 3 вработени на определено и 2 лица ангажирани преку Проектот за развој на вештини и иновации. Со цел зајакнување на капацитетите на Фондот, во 2017 година дополнително се ангажираа 8 лица. Исто така, ангажирани се и две компании, од кои едната обезбедува правни услуги, а другата компанија обезбедува образовни услуги и услуги за стручно усовршување за потребите на Фондот.

Со цел поквалитетно исполнување на предвидените активности и развој на своите капацитети, Фондот продолжува во исполнување на следните активности:

- Планирање на обуки и нивно усогласување со потребите на организацијата
- Прегледност и достапност на информации за сите вработени.

Во текот на 2017 година Фондот организираше обука за јакнење на управувачки вештини на своите корисници од првиот и вториот повик на која учествуваа и вработените на Фондот. Претставници на Фондот во текот на 2017 година учествуваа на различни конференции, работилници, студиски посети на институции, научно-технолошки паркови, акцелератори, инкубатори, со цел размена на искуства и знаење и соодветно нивно инкорпорирање во инструментите на Фондот. Исто така вработени во Фондот учествуваа на обука за јавни набавки, обука за сметководство и анализа на финансиски извештаи.

Фондот ќе продолжи со циклусот на студиски посети и обуки, како дел од градење на капацитетите на Фондот. Обуките ќе ги водат угледни експерти и организации со цел развивање и создавање на експертиза и капацитети за осмислување и раководење со финансиските инструменти на Фондот.

## 9.2. УПРАВУВАЊЕ

Во 2017 година стариот **Управен одбор** одржа десет седници, а новиот шест седници. Во делокругот на работата на стариот Управен одбор, со одлуки, беа донесени или усвоени следните документи и акти на Фондот:

- Средорочна програма за работа на ФИТР за период 2017-2019 година;
- Завршен извештај за Средорочна програма за работа на ФИТР за пероид 2014-2016 година;
- Годишен план за јавни набавки за 2017 година;
- Годишен извештај за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2016 година,
- Усвојување на текстот на четвртиот Јавен повик за Иструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин оф и Иструментот за поддршка- Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации;
- Извештај од страна на пописната комисија за 2016 година,
- Избор на друштво за ревизија за 2016 година;
- Давање на согласност за студиска посета;
- Ревизорски извештај и Завршна сметка на Фондот за 2016 година;
- Одлука за заедничко дејствување и склучување партнерства со цел прибирање на средства и размена на искуства во проектот „Иновациски еко систем во прекугранична област" и
- Одлука за селидба на Фондот во новите канцеeларии согласно Записникот од седница на Влада.

Во делокругот на работата на новиот Управен одбор, со одлуки, беа донесени или усвоени следните документи и акти на Фондот:

- Деловник за работа на Фондот за иновации и технолошки развој 2017;
- Правилници за лични податоци;
- Меѓународен оглас за избор на членови на Комитет за одобрување инвестиции на ФИТР;
- Правила за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата;
- текст на Јавен повик за финансирање на проекти за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини во Република Македонија;
- Правила за изменување и дополнување на Правилата за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата;
- текст на Јавен повик за финансирање на истражувачки проекти во основните и средните училишта-Предизвик за млади истражувачи;
- формирање на Фонд за еквити и мезанин инвестиции;
- Годишна програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2018 година и
- Годишен финансиски план на Фондот за иновации и технолошки развој за 2018 година.

Стариот **Комитет за одобрување на инвестиции** во 2017 година одржа 3 седници. Првата седница се одржа на 03.01.2017 година и на истата се одлучуваше по барања на корисниците на Фондот за иновации и технолошки развој, а воедно и се информираше Комитетот за одобрување на инвестиции за објава на четвртиот јавен повик на 03.02.2017 година и тоа за Иструментот за поддршка на Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф и Кофинансирани грантови и условени заеми за

комерцијализација на иновации. Втората седница се одржа на 25.04.2017 година и на истата се одлучуваше по барања на корисниците, а воедно Комитетот се информираше за бројот на примените апликации по четвртиот јавен повик како и за организираните работилници и инфо-сесии во насока на подобрување на квалитетот на целиот процес. Третата седница Комитетот ја одржа на 07.07.2017 година, на која донесе одлука за предселекција на примените предлог-проекти по четвртиот повик за инструментот Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф, како и за инструментот Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации, и одлука за теренски посети кај предселектираните предлог проекти од двата иструменти.

Во текот на 2017 година ревидираните Предлог - правилници за инструментите Кофинансирани грантови за технолошка екстензија и Кофинансирани грантови за воспоставување, работа и инвестиции на деловно-технолошките акцелератори беа доставени до Светска банка со цел усогласување по забелешките добиени од Светска банка на мисијата во март 2016 година. За овие инструменти беа направени неколку консултации со релевантни чинители, како и претставници и надворешни експерти на Светска банка. Двата Правилника се во голема мера усогласени со Светска банка и истите се очекува да бидат предмет на разгледување и донесување од страна на Управниот одбор и Владата на РМ во првиот квартал од 2018 година.

## 10. СИСТЕМИ И ПРОЦЕСИ

За операциите кои се извршуваат во Фондот се воспоставени соодветни системи и процеси. Во рамки на проектот е набавен софтвер преку кој се извршува аплицирање за повици, административна проверка, евалуација на апликации од страна на Комитетот за одобрување на инвестиции, експерти за животна средина и стручни лица. Во софтверот се евидентирани сите досегашни повици и се врши внес на квартални извештаи.

Во рамки на Проектот за развој на вештини и иновации на Светска банка воспоставена е предвидената поддршка за развој на оперативната инфраструктура на Фондот, односно воспоставени се информациско-комуникациски технологии за секојдневно управување со проектот и финансиски менаџмент. Одделението за финансии и сметководство при Фондот го инсталира и воспостави системот за сметководство EduSoft, како што беше побарано од Светска банка. Овој систем ќе овозможи преглед на повлечените средства од заемот од Светска банка на квартално ниво.

## 11. НАБЉУДУВАЊЕ И ОЦЕНКА

Во согласност со утврдените процедури за евалуација на пристигнатите апликации, во 2017 година корисниците на грантови од првиот, вториот и третиот повик на редовна основа доставуваа квартални извештаи согласно процедурата на Фондот, и истите беа одобрени од соодветниот мониторинг тим составен од вработени, како и на сите корисници на редовна основа им се исплаќаа соодветните рати од предвидениот грант. Кај корисниците беа спроведени 29 теренски посети за да се утврди дали се спроведуваат проектите како што е предвидено и дали наменски се трошат средствата. Дел од корисниците побараа продолжување на времетраењето на проектите, кое беше одобрено од Комитетот. Посебна

Комисија составена од вработени во Фондот одлучува по барања за помали измени на проектите на корисниците и истата доставува препораки до Директорот.

## 12. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

Фондот за 2017 година има вкупни планирани расходи од Основен буџет, Буџет од заеми и Програмата за рурален развој во износ од 98.781.430 денари, додека вкупно реализирани до 31.12.2017 година се расходи во износ од 30.711.152 денари што претставува 31.09 % реализација на планот.

Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година, планирани расходи од Основен буџет беа 14.809.000 денари, а реализирани беа 13.027.263 денари или 87,97% реализација на планот (Табела 1). Заклучно со 31.12.2017 година, Фондот имаше 509.586 денари неплатени обврски (Табела 4). Салдото во девизната благајна на 31.12.2017 е 0 (нула) и во денарската благајна е 0 (нула) денари. Во Прилог 1 на овој годишен извештај е финансискиот извештај за период од 01.01.2017 до 31.12.2017 година.

**Табела 1. Преглед на Финансиски Расходи за 2017 година**

| Конто | Опис на конто | План за Расходи од Основен буџет | Реализација од Основен буџет заклучно со 31.12.2017 | Остаток |
|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 4,970,000 | 3,762,724 | 1,207,276 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 1,616,000 | 1,391,696 | 224,304 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 936,000 | 927,064 | 8,936 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 615,000 | 592,595 | 22,405 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 305,000 | 292,034 | 12,966 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 400,000 | 348,458 | 51,542 |
| 425 | Договорни услуги | 4,426,000 | 4,311,081 | 114,919 |
| 426 | Други тековни расходи | 927,500 | 896,240 | 31,260 |
| 464 | Разни трансфери | 180,000 | 71,948 | 108,052 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 31,500 | 31,500 | 0 |
| 482 | Други градежни објекти | 402,000 | 401,923 | 77 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | **14,809,000** | **13,027,263** | **1,781,737** |

Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година, планирани расходи од буџет од заеми беа 61.500.000 денари, а реализирани се 16.435.587 денари или 26,73 % реализација на планот (Табела 2). Ваквата реализација е резултат на пролонгирањето на постапката за избор на нови корисници по објавениот 4 повик за старт-ап и комерцијализација и постапката за избор на нови членови на Комитетот за одобрување на инвестиции.

**Табела 2. Расходи за буџети од заеми**

| Конто | Опис на конто | Буџети од заеми (денари) | Реализација заклучно со 31.12.2017 година |
|---|---|---|---|
| 464 | Разни трансфери | 61,500,000 | 16,435,587 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 61,500,000 | 16,435,587 |

Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година, планирани приходи од Програмата за рурален развој се 22.482.430 денари, реализрани приходи од истата програма се 16.982.434, денари. Додека пак, од нив потрошени се 1.248.302 денари (табела 3). Средствата од оваа програма беа наменети за патни трошоци за претходниот состав на Комитетот за одобрување на инвестиции, за исплата на средства по тековните повици за корисниците на инструментите на Фондот, за исплата на средства по објавениот Јавен повик за финансирање на проекти за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини во Република Македонија, за исплата на средства по Јавен повик за финансирање на истражувачки проекти во основните и средните училишта – Предизвик за млади истражувачи и за доделување на финансиски средства (грантови) по објавени повици за инструментите на Фондот што ќе бидат објавени следната година.

**Табела 3. Расходи според Програма за рурален развој**

| Конто | Опис на конто | Планиран износ од Програма за рурален развој (денари) | Реализација заклучно со 31.12.2017 година |
|---|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни расходи | 510,000 | 154,352 |
| 425 | Договорни услуги | 3.543.928 | 0 |
| 464 | Разни трансфери | 18.418.502 | 1,093,950 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 22.472.430 | 1,248,302 |

**Табела 4. Обврски на 31.12.2017 година**

| Конто | Опис на конто | Износ |
|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 335,521 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 124,099 |
| 421 | Поправки и тековно одржување | 11,573 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 18,213 |
| 426 | Други тековни расходи | 20,180 |
| | Вкупно обврски за 2017 година | 509,586 |

Отворена е нова сметка во врска формирањето на Фонд за еквити и мезанин инвестиции и добиен е основачки влог во износ од 50.000.000 денари.

## 13. ЗАКЛУЧОК

Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година Фондот ги реализираше планираните активности според динамиката утврдени во Годишната програма за работа на Фондот за 2017 година и Годишниот финансиски план за 2017 година.

Во текот на 2017 година во Фондот за иновации и технолошки развој имаше промена на раководството, односно имаше именување на нов директор,именување на нови членови на Управниот одбор и именување на нови членови на Комитетот за одобрување на инвестиции.

Фондот објави Јавен повик за инструментите Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф и Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации, кој со разрешувањето на старите членови на Комитетот за одобрување на инвестиции беше прекинат во постапката за селекија на предлог-проектите и одложен се до именувањето на новите членови на Комитетот за одобрување на инвестиции. Финална селекција и изборот на предлог – проекти кои ќе бидат финансирани ќе се изврши во почетокот на 2018 година.

Преку 36-те поддржани проекти досега се мобилизирани (преку сопствено кофинансирање од страна на корисниците) вкупно 424.867 евра приватни средства. До 31.12.2017 година, 27 од финансираните проекти се успешно завршени, 6 проекти се во фаза на одобрување на нивниот завршен извештај, 3 проекти се во фаза на имплементација и 1 проект е предвремено прекинат по барање на корисникот.

Кон крајот на 2017 година Фондот организира и објави повици за финансирање на проекти за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини во Република Македонија – 02 Предизвик и Јавен повик за финансирање на истражувачки проекти во основните и средните училишта – Предизвик за млади истражувачи.

Фондот, како носител на третиот столб на економски мерки – поддршка за развој на мали и средни бизниси, учествуваше во подготовките на новиот ***План за економски раст на Владата***.

Во текот на 2017 година Фондот ја продолжи соработката со постоечките партнер институции, како и реализираше и иницираше соработка и со други домашни и меѓународни институции и организации кои обезбедуваат поддршка во секторот на иновации.

Исто така, Фондот континуирано организираше информативни настани, средби, конференции и инфо-сесии кои имаа за цел да придонесат кон подобро реализирање на програмата на Фондот за иновации и технолошки развој и подигање на свеста за значењето на иновациите кај бизнисот, зголемување на интересот за инструментите за поддршка на Фондот и подобрување на квалитетот на предлог-проектите кои се доставуваат на отворените повици.

Фондот за 2017 година од вкупно планираните расходи од Основен буџет, Буџет од заеми и Програмата за рурален развој во износ од 98,781.430 денари, додека вкупно

реализирани до 31.12.2017 година се расходи во износ од 30.711.152 денари што претставува 31.09 % реализација на планот.

Во периодот од 01.01.2017до 31.12.2017 година, планирани расходи од основен буџет се 14.809.000 денари, а реализирани се 13.027.263 денари или 87,97% реализација на планот. Заклучно со 31.12.2017 година, Фондот има 509.586 денари неплатени обврски. Салдото во девизната благајна на 31.12.2017 е 0 (нула) и во денарската благајна е 0 (нула) денари.

Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година, планирани расходи од буџет од заеми се 61.500.000 денари, а реализирани се 16.435.587 денари или 26,73 % реализација на планот. Ваквата реализација е резултат на пролонгирањето на постапката за избор на нови корисници по објавениот 4 повик за старт-ап и комерцијализација и постапката за избор на нови членови на Комитетот за одобрување на инвестиции.

Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година, планирани приходи од Програмата за рурален развој се 22.482.430 денари, реализрани приходи од истата програма се 16.982.434, денари. Додека пак, од нив потрошени се 1.248.302 денари. Средствата од оваа програма беа наменети за патни трошоци за претходниот состав на Комитетот за одобрување на инвестиции, за исплата на средства по тековните повици за корисниците на инструментите на Фондот, за исплата на средства по објавениот Јавен повик за финансирање на проекти за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини во Република Македонија, за исплата на средства по Јавен повик за финансирање на истражувачки проекти во основните и средните училишта – Предизвик за млади истражувачи и за доделување на финансиски средства (грантови) по објавени повици за инструментите на Фондот што ќе бидат објавени следната година.

Отворена е нова сметка во врска формирањето на Фонд за еквити и мезанин инвестии и добиен е основачки влог во износ од 50.000.000 денари.

Вкупните приходи на Фондот за 2017 година беа планирани во износ од 98.781.430 денари, и тоа од Трансфери од Буџетот на РМ во износ од 14.809.000 денари, од Задолжување кај Светска Банка во износ од 61.500.000 денари и од Програмата за рурален развој во износ од 22.472.430 денари. Воедно Фондот реализираше приходи од самофинансирање во износ од 114.945 денари од уплата на ројалти од страна на корисници на грантови.

**Дел. Бр.** 01 – 150/4
17.01. **, Скопје**

**Претседател на Управен одбор**
**на Фонд за иновации и технолошки развој**
**Моника Јованова**

## Прилог 1. Финансиски извештај за расходи во период од 01.01.2017 до 31.12.2017 година

| Конто | Опис на конто | Основен Буџет 2017 (денари) | Реализација заклучно со 31.12.2017 (денари) |
|---|---|---|---|
| **401** | **Основни плати** | **4,970,000** | **3,762,724** |
| 401110 | Основни плати - функционери | | 952,515 |
| 401120 | Основни плати - други вработени | | 1,811,836 |
| 401160 | Работа на определено време | | 702,525 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | | 295,848 |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **1,616,000** | **1,391,696** |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | | 927,797 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | | 376,267 |
| 402220 | Основни придонеси за професионално заболување | | 25,774 |
| 402310 | Основни придонеси до Агенција за вработување | | 61,858 |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | **936,000** | **927,064** |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | | 14,504 |
| 420130 | Патување во земјата - сместување | | 45,436 |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | | 229,546 |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | | 366,745 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | | 270,833 |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **615,000** | **592,595** |
| 421110 | Електрична енергија | | 131,523 |
| 421130 | Ѓубретарина | | 15,613 |
| 421190 | Други комунални услуги и такси | | 950 |
| 421310 | Пошта | | 39,388 |
| 421320 | Телефон и телефакс | | 268,766 |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | | 16,336 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | | 32,291 |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | | 10,227 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | | 77,501 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **305,000** | **292,034** |
| 423110 | Канцелариски материјали | | 57,452 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | | 43,580 |
| 423210 | Материјали за АОП | | 32,700 |
| 423410 | Прехрамбени продукти и пијалаци | | 67,179 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | | 14,078 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 423810 | Ситен инвентар | | 77,045 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **400,000** | **348,458** |
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила (вкл.резервни делови, гуми) | | 23,310 |
| 424210 | Одржување на згради | | 262,779 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | | 62,369 |
| **425** | **Договорни услуги** | **4,426,000** | **4,311,081** |
| 425130 | Изнајмување на друг тип простор | | 62,480 |
| 425190 | Изнајмување на друга опрема и опрема за специјални намени | | 76,480 |
| 425220 | Банкарски провизии | | 65,966 |
| 425230 | Осигурување на вработени (несреќи, живот) | | 1,390 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | | 25,805 |
| 425490 | Други здравствени услуги | | 2,400 |
| 425910 | Преведувачи | | 4,100 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | | 184,648 |
| 425970 | Консултантски услуги | | 473,162 |
| 425990 | Други договорни услуги | | 3,414,650 |
| **426** | **Други тековни расходи** | **927,500** | **896,240** |
| 426210 | Расходи за репрезентација | | 337,422 |
| 426310 | Семинари и конференции | | 122,368 |
| 426410 | Објавување на огласи | | 341,642 |
| 426990 | Други оперативни расходи | | 94,808 |
| **464** | **Разни трансфери** | **180,000** | **71,948** |
| 464990 | Други трансфери | | 71,948 |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **31,500** | **31,500** |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | | 31,500 |
| **482** | **Други градежни објекти** | **402,000** | **401,923** |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | | 401,923 |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **14,809,000** | **13,027,263** |

**Расходи за буџети од заеми**

| **Конто** | **Опис на конто** | **Буџети од заеми (денари)** | **Реализација заклучно со 31.12.2017 година** |
|---|---|---|---|
| **464** | **Разни трансфери** | **61,500,000** | **16,435,587** |
| 464990 | Други трансфери | | 16,435,587 |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **61,500,000** | **16,435,587** |

| **Расходи според Програма за рурален развој** | | |
|---|---|---|

| Конто | Опис на конто | Планиран износ од Програма за рурален развој (денари) | Реализација заклучно со 31.12.2017 година |
|---|---|---|---|
| **420** | **Патни и дневни расходи** | **510.000** | **154,352** |
| 420130 | Патување во земјата - сместување | | 8,267 |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | | 146,085 |
| **425** | **Договорни услуги** | **3.543.928** | **0** |
| 425990 | Други договорни услуги | | 0 |
| **464** | **Разни трансфери** | **18.418.502** | **1,093,950** |
| 464990 | Други трансфери | | 1,093,950 |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **22.472.430** | **1,248,302** |